# IV СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

**С О Д Р Ж И Н А**


**IV.1. Суровини и помошни материјали коишто се користат во Свињарската фарма Жито Малеш АД Берово ............ 2**

**IV.1.1 Потрошувачка на храна ............ 2**

**IV.1.2 Помошни материјали ............ 3**

**IV.1.4 Вода ............ 4**

**IV.2. Листа на производи ............ 4**

## IV.1. Суровини и помошни материјали коишто се користат во Свињарската фарма Жито Малеш АД Берово

### IV.1.1 Потрошувачка на храна

Фармата Жито Малеш АД Берово е доста голем потрошувач на житарици за производство со цел поквалитетен производ - свинско месо.

**Потрошувачка на храна** - Свињарска фарма ЖИТО МАЛЕШ АД, с. Смојмирово, Берово, своите потреби за храна ги изработува во млинот ПЕЛА Милан кој се наоѓа во с.Владимирово, Берово.

Храната претставува смеса од следните компоненти: пченка, соја, јачмен, зрнести хранливи производи на мелничарството и споредни производи на мелничарството и премикси (моментално се користи перемикс “milkiwean”).

Храната во зависност од староста на свињите е поделена на храна за:

**П1 – Предстартер** – овој производ се користи за прасиња од 3 ден на раѓање па се до 10 kg во Б фаза. Овој производ се набавува готов.

**П2 - Стартер** – овој производ се користи за прасиња во Б фаза и тоа за прасиња од 10 kg до 20kg.

**П3 - Гровер** – овој производ се користи за прасиња од 20kg па до 35kg.

**СТ1 - ТОВ1** – овој производ се користи за прасиња од 35kg па се до продажба на свињите од ТОВ.

**СПРАСНИ:** храна за спрасни маторици – овој производ се користи за спрасни маторици и тоа во периодот (од осеменување до 80 дена на спрасност).

**МАЈКИ:** храна за дојни маторици – овој производ се користи за спрасни маторици и тоа во периодот (од 81 до осеменување дена на спрасност).

За овие типови на храна годишно е потрошено околу 130 t на пченица, 1.565 t на јачмен, 1.700 t пченка, 750 t на соја и околу 165 t споредни производи на мелничарството (сточно брашно).

### IV.1.2 Помошни материјали

Свињарската фарма ЖИТО МАЛЕШ АД, с. Смојмирово, Берово освен наведените житарици, при својата нормална работа користи и други суровини.

**Витамини и лекови**

Во пракса за норамално и правилно работење на свињарската фарма се набавуваат и редовно користат витамини и лекови, со што се одржува здравствената состојба на свињите на високо ниво. Добавувачи на ваквиот тип на производи кои се користат за здравствени или заштитни цели се од проверен карактер и секој од нив е со соодветно упатство за употреба и сертификат за исправност. Во Табелите IV.1 и IV. 2 од Анексот на барањето за усогласување со оперативен план дадена е употребата на секој од нив поединечно.

**Средства за дезинфекција**

Посебно, можат да се издвојат средствата за дезинфекција и одржување на хигиената, кои се користат според прифатени постапки, а ги извршуваат работници од фармата. Средствата за дезинсекција и дератизација се употребуваат од страна на субконтрактор, кој што е ангажиран по потреба. Истиот ги носи средствата и ги аплицира по претходно изработен план.

Листа на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и производи која се произведува или употребува преку активноста дадена е во Табела IV.1 и IV. 2 во Анексот од барањето за усогласување со оперативен план.

### IV.1.3 Енергенси

**Електрично напојување**

**Снабдувањето со електрична енергија** се врши од градската електрична мрежа преку трансформаторска станица. Електричната енергија се употребува за:

- одвивање на целокупниот технолошки процес
- загревање на просториите
- осветлување на просториите

Месечната потрошувачка на електрична енергија во период кога не е грејна сезона изнесува околу 50 MW/h, додека Годишната потрушувачка на електрична енергија изнесува околу 1000 MW/h.

### IV.1.4 Вода

**Снабдување со технолошка вода** потребна за секојдневните потреби во Свињарската фарма Жито Малеш АД Берово се врши од бунар длабок 66 m за кого Операторот Жито Малеш АД Берово ќе достави Барање за водно право за искористување на подземни води до Министерството за животна средина – Сектор Води.

### IV.2. Листа на производи

При нормалното работење на фармата, како главни производи кои се јавуваат се гоени свињи. Подолу табебеларно е претставена бројната состојба на производите на фармата.

**Табела 1 – Збирен извештај за бројната состојба на 24.12.2018**

| Категорија Свивњи | Состојба | Губитоци |
|---|---|---|
| Маторици | 620 | 0,5 % |
| Нерези | 10 | 0,0 % |
| Назимки | 220 | 0,5 % |
| Прасиња во прасилиште | 1.450 | 9,0 % |
| Прасиња во Б - фаза | 2.300 | 3,0 % |
| Гоеници | 3.800 | 1,5 % |
| Вкупно | 8.400 | / |

**ТАБЕЛА IV.1.1. Детали за суровини, међупроизводи поврзани со процесите, а кои се употребуваат или создаваат на локацијата**

**ПОСТРОЈКА: Свињарска Фарма Жито Малеш АД Берово**

| Реф.број или Шифра | Материјал/ Супстанција | CAS број | Категорија на опасност | Количина (тони) Месечно просек | Годишна употреба (тони) | Природа на употребата | R Фраза | S Фраза |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пченица | / | Нема | 10 | 130 | За храна на свињи | Нема | Нема |
| 2. | Јачмен | / | Нема | 130 | 1565 | За храна на свињи | Нема | Нема |
| 3. | Пченка | / | Нема | 140 | 1700 | За храна на свињи | Нема | Нема |
| 4. | Соја | / | Нема | 60 | 750 | За храна на свињи | Нема | Нема |
| 5. | Сточно брашно | 130498-22-5 | Нема | 13 | 165 | За храна на свињи | Нема | Нема |

**ТАБЕЛА IV.1.1. Детали за производи, поврзани со процесите, а кои се употребуваат или создаваат на локацијата**

**ПОСТРОЈКА: Свињарска Фарма Жито Малеш АД Берово**

| Реф.број или Шифра | Материјал/ Супстанција | CAS број | Категорија на опасност | Количина (тони) Месечно просек | Годишна употреба (тони/год.) | Природа на употребата | R Фраза | S Фраза |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Гоени свињи | / | нема | 1.500 | 18.000 | За храна на луѓе | Нема | Нема |